[redacted]

ИП1 бр.15-35
17.02.2025г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, врз основа на член 83 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на Р.Македонија бр.50/11...102/19), член 33 од од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр.99/22) и член 200 став (2) од Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр. 53/2005 бр.89/22), по извршениот вонреден инспекциски надзор на 13.02.2025 год. во инсталацијата за третман на отпадни моторни масла на ДПКМ. Аргеад ДООЕЛ Скопје на ул. 115 бр.112 во м.в. Ќојлија во општина Петровец, застапувано од управителот Теон Станковски со ЕМБГ во врска со емисијата на гасови од оџакот на котелот за загревање на отпадното масло и заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот ИП1 бр.15-82 од 13.02.2025г. донесе:

## РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува ДПКМ. Аргеад ДООЕЛ Скопје, со деловно седиште на ул. 115 бр.112 во м.в. Ќојлија во општина Петровец, застапувано од управителот Теон Станковски со ЕМБГ

Да изврши мерење на емисија на гасови ( $SO_2$, $H_2S$, $NO_2$, CO, прашина и чаднокатрански број ) од оџакот на котелот за загревање на отпадните масла, со моќност од 250 KW на нафта, на инсталацијата за третман на отпадни масла, согласно А-И. Е. Дозвола издадена од МЖСПП.

Рок за отстранување на недостатоците е 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина-Скопје, преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012 на ден 13.02.2025 год. , а во врска со Барањето за инспекциски надзор од Градоначалникот на општина Петровец бр.09-304/1 од 28.01.2025г. изврши инспекциски надзор во инсталацијата за третман на отпадни масла на ДПКМ.

[redacted]

Аргеад ДООЕЛ Скопје на ул. 115 бр.112 во м.в. Ќојлија во општина Петровец, при што констатира дека ДПКМ. Аргеад ДООЕЛ Скопје започнал со третман на отпадни масла од февруари 2023г., за која дејност од МЖСПП има добиено А-И.Е Дозвола бр. УП1 -11/3-831/2021 од 20.01.2022г. Третманот на искористените масла се врши во затворен систем за дестилација, со загревање со помош на котел со моќност од 250 KW кој користи нафта како гориво, а ладењето се врши со вода. При тоа се добива 85 % базни масла, нафта и битумен.

Според А-И.Е Дозволата, во текот на годината предвидено е двапати да се вршат мерења на емисија на гасови ( $SO_2$, $H_2S$, $NO_2$, CO, прашина и чаднокатрански број ) од оџакот на котелот за загревање на отпадните масла со моќност од 250 KW, што користи нафта како гориво. Бидејќи досега во оваа година не е извршено вакво мерење, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 15-35 од 17.02.2025г.

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат**
**за животна средина**-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Доставено до :**
- Архива
- ДПКМ. Аргеад ДООЕЛ Скопје
ул. 115 бр.112 во м.в. Ќојлија во општина Петровец

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Мите [illegible]